РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр. 01 - 124/2
14 . 8 2024 год.
Блатец-Виница

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на **ООУ „ Кочо Рацин“ Блатец-Виница** за период од **2022-2024** година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“бр. 161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште ООУ „ Кочо Рацин“ Блатец-Виница изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 17.05.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Весна Тодорова – стручен соработник педагог
2. Татјана Анакиева –одделенски наставник / наставник ментор
3. Сузана Анакиевска – предметен наставник
4. Михаела Воинова –одделенски наставник
5. Наташа Анакиева Димитрова –родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај-јуни 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членови на тимот
Планирање, настава и учење	Татјана Анакиева Васка Дичова Весна Диванисова Марина Стојчевска Зоран Павлов
Постигања на учениците	Весна Тодорова Билјана Ристова Тошка Бариова Михаела Ристов Винограда Лешоска Филипова
Училишна клима и односи во училиштето	Сузана Анакиевска Марина Пецова Наталија Димитрова Емилија Костадинова Тасева Анастасија Лазаровска Ампова
Раководење, управување и креирање на политики	Михаела Воинова Станка Ѓорѓиевска Маја Лазарова Александра Ристова Маринковска Дарко Богданов

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 28.06.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење
Опис/резиме на подрачјето Најголем број од наставниците редовно и навремено ги изготвуваат и доставуваат годишните и тематско-процесните планирања во согласност со наставниот план и програми донесени од МОН и за истото добиваат поддршка од стручните служби. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот и редовно се врши проверка преку посета на часови од страна на стручните служби и директорот на училиштето. Наставниците меѓусебно соработуваат и разменуваат искуства на состаноци на стручните активи. Наставните програми во целост се реализираат иако понекогаш содржините не се прилагодени на учениците и не им се секогаш интересни. Изборот на изборни предмети е транспарентен и учениците самостојно ги бираат, а родителите се секогаш запознаени со листата на предмети. Се користат најразлични ресурси и се прилагодуваат задачите на учениците а учениците се изјаснуваат дека имаат пристап до сите ресурси во училиштето. Интеракција постои, наставниците преку различни форми на работа поттикнуваат соработка меѓу учениците и секогаш се интересираат за нивните потреби и проблеми и ги мотивираат за учество на натпревари и различни активности. Инклузија во училиштето има, се користат сите ресурси и компетенции, УИТ редовно се состанува, има изготвено ИОП за ученици, со нив се работи континуирано на едукација и рехабилитација, но сè уште има пропусти и недостатоци во самата концепција и имплементаија, што ја отежнува инклузијата и не може да се спроведува со некои значајни резултати. МИО активности се реализираат според планирани активности. Активностите се самостојни иако имаме партнер училиште. Училиштето има формиран ТУИ кој ги планира активностите. Училиштето во соработка со Општина Виница е вклучено во креирањето на политика за

промовирање на меѓуетничката интеграција меѓу младите, односно е изработена Стратегија за МИО и МА на којашто работеше и стручната служба од нашето училиште.

Постои стимулирачка и поттикнувачка средина за учење, се користат разни форми и методи на настава и има постојана комуникација со стручните службии и наставниците.

Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Оценувањето во нашето училиште е транспарентно. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување. За постигнатиот успех учениците добиваат повратна информација од наставниците како и редовно се пофалени за нивните резултати и за вложениот труд. Не сите наставници ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

Наставниците користат современи наставни техники и методи со кои ја поттикнуваат групната работа, како и различните начини на изразување на способностите, креативноста и потенцијалите на учениците при вклучување во воннаставни активности и натпревари. Сите ученици подеднакво се опфатени и вклучени во воннаставните активности.

Во училиштето се води политика на правична застапеност и вклученост на учениците. Со толеранција, со градење вредности на културата, со наградување на трудот и креативноста, училиштето активно учествува во стимулацијата и мотивацијата на учениците поттикнувајќи ги за активно вклучување во воннаставните активности, конкурси и натпревари.

Силни страни:

- Најголем број од наставниците редовно и навремено ги изготвуваат и доставуваат годишните и тематско-процесните планирања во согласност со наставниот план и програми донесени од МОН и за истото добиваат поддршка од стручните служби;
- Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот и редовно се врши проверка преку посета на часови од страна на стручните служби и директорот на училиштето;
- Наставниците меѓусебно соработуваат и разменуваат искуства на состаноци на стручните активи.
- Изборот на изборни предмети е целосно транспарентен и учениците самостојно ги бираат предметите;
- Училиштето има изготвено програми за слободни изборни предмети од страна на наставници, а произлезени од интересот на нашите ученици и истите се одобрени од БРО;
- Учениците со ПОП се прифатени од своите врсници и целосно се интегрирани во паралелките;
- При оценувањето наставниците користат различни форми и методи и редовно даваат усна и писмена информација за напредокот и постигањата на учениците;
- Поголем број од наставниците имаат индивидуален пристап кон секој од учениците;
- Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците;
- Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и редовно се пофалени за нивните резултати и за вложениот труд.
- Во училиштето се реализираат голем број на воннаставни активности и во нив се вклучени сите ученици;
- Учениците учествуваат на различни натпревари и конкурси и постигнуваат солидни резултати.

Слаби страни:

- Мал број наставници од предметна настава реализираат додатна и дополнителна настава;
- Не сите наставници ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.
- Дел од наставниците недоволно ги прилагодуваат наставните содржини за потребите на учениците со потешкотии.

Приоритети:

- **Поголема реализација на дополнителна и додатна настава во предметна настава;**
- **Користење на информациите добиени од оценувањето за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата од страна на наставниците;**
- **Обука за наставниците за прилагодување на наставни содржини за потребите на учениците со потешкотии .**

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците и изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, наставни предмети и одделенија за учениците од IV до IX одделение. Исто така училишниот педагог изготвува и табеларен преглед во кој се дадени податоци колкав број на ученици се описно оценети.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната 2021/2022 година изнесува 4,18, во учебната 2022/2023 година изнесува 4,13 и 3,96 во учебната 2023/2024 година. Во последните две учебни години, ученици кои континуирано имале негативни оценки до крајот на трето тримесечје се наградуваат со позитивни оценки на крајот од учебната година, наместо да остануваат на дополнителна настава во јуни месец по наставните предмети по кои имале две негативни оценки или да полагаат поправен испит.

Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината, ученици кои со една или две слаби се упатени на поправен испит и ученици упатени на одделенски испит.

Постигањата на учениците со посебни образовни потреби инклузирани во редовна настава се следат и индивидуално, за што се изготвува извештај за секој ученик од страна на одделенскиот раководител и наставниците, а во соработка со училишниот дефектолог и образовниот асистент (ова особено се однесува на учениците од одделенска настава). Исто така постигнувањата на учениците со потешкотии во учењето, а со кои работи стручната служба се евидентираат во посебни образци за евиденција на реализирана индивидуална поддршка на ученик.

Училишниот педагог изготвува прегледи и ги анализира постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, од каде може да се констатира дека постои намалување на успехот кај мал број на ученици при премин во предметна настава. Исто така се прибираат податоци и се вршат анализи за постигањата на учениците по завршување на прва и четврта година средно образование, по што може да се утврди дека успехот на мал број ученици

се намалува при преминот и по завршување на средното образование.

Училиштето нема воспоставено систем на идентификација и работа со надарени и талентирани ученици. Сепак, овие ученици се препознаваат во редовната настава и со нив се работи на додатна настава за нивно подготвување за учества на натпревари, а и редовно се активираат во многубројни воннаставни активности. Во последните две учебни години, а посебно учебната 2023/2024 година мора да се напомне дека истите постигнуваат и одлични резултати.

За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, се организира дополнителна настава. Училиштето има изготвено месечен распоред за дополнителна и додатна настава, кој во одделенска настава се реализира во пропишаниот обем, додека во предметна настава, часови од дополнителна и додатна настава реализираат мал број наставници. Училиштето ги анализира резултатите од дополнителната и додатната на крајот на учебната година за која се изготвува посебен извештај во склоп на годишниот извештај.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информации за паралелката во целина) индивидуални средби со родителот (за пренесување информации за конкретен ученик). Родителските состаноци се одржуваат најмалку четирипати годишно. Најголем број од родителите потврдуваат дека редовно се информирани за напредокот на нивните деца. Со родителите најчесто се комуницира усно, но по потреба и писмено.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци по ученик во последните три учебни години изнесува: во учебната 2021/22 година, 9,61 изостаноци по ученик од кои 9,29 оправдани и 0,34 неоправдани изостаноци по ученик; во 2022/23 година, 20,66 изостаноци по ученик од кои 20 оправдани и 0,66 неоправдани изостаноци по ученик и во учебната 2023/24 година, 19,35 изостаноци по ученик од кои 18,11 оправдани и 1,27 неоправдани изостаноци по ученик.

Во последните две учебни години (2022/2023 и 2023/2024 год.) бројот на изостаноци е благо зголемен за разлика од претходните учебни години (оправдани изостаноци), додека бројот на неоправдани изостаноци е драстично зголемен, а тоа пред сè се должи на несериозниот пристап на учениците за време на наставата од страна на исти ученици (недисциплина - учениците се запишуваат и истите се евидентираат со неоправдани изостаноци или самоволно напуштање на часот).

Училишниот педагог и наставниците се запознаени со постапката за советување на родители доколку има појава на ученици кои имаат негативна оценка по три или повеќе предми, несоодветно се однесуваат или нередовно ја посетуваат наставата. Постапката за советување ја врши училишниот педагог и за истото води уредна евиденција и документација.

Во последните три учебни години, обавени се вкупно: 18 советувања на родители (групни/индивидуални) и 19 советувања на ученици (групни/индивидуални). Во учебната 2021/2022 година се обавени вкупно 2 советувања на родители и ученици, 2022/2023 година се обавени вкупно 7 советувања на родители и ученици, а во 2023/2024 година реализирано е советување на вкупно 8 родители/старатели и 9 ученици. Сите советувања се обавени поради намален успех или нередовност на настава.

Од анонимната анкета што беше спроведена со сите наставници, ученици и родители, како и

со разговорите со фокус групите може да се заклучи дека и трите чинители во воспитно образовниот процес имаат слични мислења во однос на постигањата на учениците. Најголем број од родителите од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот и однесувањето на нивното дете, континуирано се информирани за редовноста на нивното дете и од страна на училиштето на нивното дете му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа. Најголем број на наставници сметаат дека успеваат да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици. Исто така повеќето наставници сметаат дека голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по предметот/предметите коишто ги предаваат наставникот/наставниците, и најголем број од наставниците на родителите им даваат јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето. Најголем број на ученици се согласуваат дека нивните родители/старатели постојано се известуваат за нивниот напредок на училиште, наставниците постојано ги потикнуваат на подобрување на нивниот успех, доколку не можат да го совладаат материјалот наставниците им организираат дополнителна настава и дека ако не можат да го совладаат материјалот наставниците се обидуваат да го разјаснат на различни начини. Повеќето ученици сметаат дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часот, наставниците им нудат додатни часови.

Од разговорот со фокус група на ученици заклучено е дека во училиштето има потреба од подобрување на дисциплината, особено подобрување на дисциплината кај неколку ученици во ссмо одделение кои постојано се незадоволни и предизвикуваат проблеми во одделенијата и покрај превземените мерки од страна на училиштето (реализираните индивидуални и групни разговори со учениците и родителите од страна на одделенскиот раководител и училишниот педагог, спроведеното советување од страна на педагогот на училиштето со ученици и родители, изрекувањето на педагошки мерки). За намалената дисциплина во училиштето како фактори ја неведуваат несериозноста на овие ученици кон воспитно-образовниот процес, потребата наставниците да бидат построги, особено со тие ученици, односно да покажат поголем авторитет за да им дадат до знаење дека наставникот треба да биде авторитет во училницата, а не ученикот.

Силни страни:

- Училиштето ги следи постигнувањата на учениците преку прибирање на податоци и изготвување на квартални, полугодишни и годишни извештаи;
- Училиштето ги анализира резултатите од постигањата на учениците од дополнителна и додатна настава;
- Учениците со потешкотии во учењето се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и стручната служба (педагог и дефектолог);
- Со учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби инклузирани во редовна настава покрај наставниците работи и стручната служба и образовен асистент;
- Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците од еден во друг циклус, односно од одделенска во предметна настава и од едно во друго ниво на образование (по завршувањето на прва и четврта година средно образование);
- Средбите со родителите се добро организирани со јасно пренесување на информациите.

Слаби страни:

- Во последните две учебни години, ученици кои континуирано имале негативни оценки до крајот на трето тримесечје се наградуваат со позитивни оценки на крајот од учебната година, наместо да остануваат на дополнителна настава во јуни месец по наставните

предмети по кои имале две негативни оценки или да полагаат поправен испит;
- Зголемен број на изостаноци, а особено на неоправдани изостаноци;
- Намалена е дисциплината во училиштето;
- Училиштето нема воспоставено систем на идентификација и работа со надарени и талентирани ученици;
- Училиштето нема изготвено акциски план со активности за подобрување на постигањата на учениците.

Приоритети:
- **Воспоставување на систем за подобрување на дисциплината во училиштето;**
- **Воспоставување на систем за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици;**
- **Изготвување на акциски план со активности за подобрување на постигањата на учениците**

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Во ООУ „Кочо Рацин" - Блатец, владее позитивна и релаксирачка клима. Соработката на кадарот е на многу високо ниво на соработка и почит. Нашето училиште е препознатливо по успешниот воспитно- образовен кадар, по центарот за поддршка на учениците со ПОП во соработка со сите основно образовни институции во Општината.

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Училиштето води грижа за стручно оспособување на секој наставник. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Учениците се чувствуваат сигурно и безбедно, прифатено од наставниците и соучениците и сакаат да одат на училиште. Родителите се задоволни од професионалноста, недискриминираноста и посветеноста.

Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците. Дисциплината на најголем број од учениците е добра, постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, вработените се грижат за безбедоста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на Ученичкиот парламент како и на часовите на одделенска заедница. Два члена од ученичкиот парламент учествуваат на состаноците на Советот на родители и Училишниот одбор. Учениците од седмо, осмо и деветто одделение имаат избрано ученички правобранител кој се грижи за почитување на правата на учениците.

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето ги

промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот.

Училиштето знае колку се важни родителите и локалната заедница во воспитувањето и образованието на децата и затоа постојано го потикнува нивното вклучување во воспитно-образовниот процес. Родителските средби ја имаат функцијата на информирање и презентирање на резултатите, како и бројните индивидуални средби на барање на одделенските раководители, стручната служба или пак на самите родители.

Силни страни:

- Постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно образовниот процес и нема примери на особено нарушени односи меѓу поединци;
- Во училиштето се работи со сите ученици подеднакво;
- Учениците се безбедни во училиштето;
- Подеднаков однос кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите;
- Организирање на работилници за запознавање и промовирање на детските права од страна на ученичкиот парламент;
- Вклученост на учениците правобранители во сите активности/иницијативи организирани од страна на ученичкиот парламент, поврзани со намалување на насилството во училиштата;
- Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето;
- Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата;
- Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата;
- Освен задолжителните 4 родителски средби на годишно ниво, се организираат и дополнителни родителски средби на барање на родителите, раководителите на паралелките или по потреба, работилници со родители и родителите се вклучуваат во различни воннаставни активности организирани од училиштето;
- Се организираат советувања и едукации како дел од редовните превентивни програми на училиштето;
- Чести организизации на еколошки и хуманитарни акции, по иницијатива на Ученичкиот парламент;
- Учениците се обраќаат до стручната служба за спроведување активности за социо-емоционалниот развој.

Слаби страни:

- Недоволна соработка со медиумите;
- Постои вербално насилство меѓу учениците;
- Недисциплина за време на час, од страна на одредени ученици, со што се отежнува текот на наставата.

Приоритети:

- **Информирање на поширокатa јавност за резултатите што ги постигнува основното**

училиште, т.е воспоставување добра соработка со медиумите;

- **Почитување на кодексот на однесување.**

Подрачје 4: Управување и раководење

Опис/резиме на подрачјето

Со училиштето успешно се раководи и менаџира во секој сектор. Раководната структура на училиштето ја сочинуваат Училишниот одбор и директорот на училиштето.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите. Состаноците се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници и истите се усвојуваат на секоја наредна седница.

Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата, планирањата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина Виница како и со деловната заедница. Односот на раководниот орган, директорот, со другите субјекти во училиштето е одличен. Информациите за одлуките на директорот, се добиваат, во најголем дел транспарентно, во писмена форма на огласна табла. Соработката на директорот, со другите субјекти во училиштето, околу размена на идеи и разрешување на проблемите, се одвива преку редовни и вонредни состаноци. За разрешување на тековните проблеми и за превземање и спроведување активности поврзани со наставата, директорот свикува Наставнички совет на кој присуствуваат наставниците, стручните соработници и претставници од ученичкиот парламент.

Училиштето редовно и навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства преку индивидуални разговори, увид во постоечката состојба на училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето и во согласност со финансиските можности. Според потребите се планира набавка на потребни ресурси, наставни средства и воедно се бараат извори на донации за обезбедување на истите.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручен соработник педагог и дефектолог. Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар, директорот и секретарот.

Училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и дефектологот, увид во планирањата и преку активностите на стручните активи. Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето има

пропишано процедура, за наставниците приправници, за навремено определување на метор за реализација на приправничкиот стаж.

И покрај малиот буџет за работа, директорката на патрониот празник на училиштето и во пресрет на Денот на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј во учебната 2023/2024 година, им додели јавно признание за особен придонес во воспитно-образовната работа, посветеност и ефективност кон извршувањето на наставничката професија и успешно насочување на учениците во процесот на учење на најуспешните наставници кои се пласираа на државни натпревари со учениците и на оние кои посебно се истакнале во својата работа. Ова претставува дополнителна мотивација за самите наставници/вработени во училиштето.

Училиштето своите цели ги дефинира во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Локалната образовна политика се спроведува преку активности за соработка со родителите, опфат и следење на редовност на учениците и вклучување во локални проекти, манифестации и настани. Државните политики во училиштето се спроведуваат преку реализација на наставните планови и програми, дополнителна и додатна настава, слободни ученички и воннаставни активности. Постапките за креирање на училишната политика се базираат на согледување на состојбата и превземање мерки за разрешување, а во нив се вклучени Раководниот тим, Училишниот одбор, Советот на родители и Училишната заедница. Проблемите се констатираат и анализираат на активите и врз база на тие согледувања се дефинираат приоритетите за реализирање. Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цели.

Училиштето има изготвено Самоевалуација и Развојно планирање. Во Самоевалуацијата се опфатени сите подрачја на вреднување со применети анкети, истражување, разговори, анализи и констатирани состојби со јаки и слаби страни. Подобрувањето во предвидените подрачја е планирано преку реализација на стратешки цели, за што се планирани посебни активности со временска рамка на реализација.

Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење, а органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето. Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај кој се доставува до Советот на Општината по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор.

Во последните две учебни години се реализирани неколку значајни проекти. Изготвена е техничка документација од дипл.гр.инж. за проект за реконструкција на кровна конструкација на училишната зграда во Блатец (изведба на тесарски и кровопокривачки работи на постоечкиот кров, фасадерски работи и лимарски работи), поднесено е барање до Општина Виница за одобрување на реконструкција на кровна конструкција и истото е одобрено и поднесена е проект апликација до МОН за реконструкција на училишта. Извршена е ревизија на проектот за Реконструкција на кровот во централното училиште во Блатец, поднесено и одобрено од страна на МОН за нејзино реализирање. Во ПУ Липец заменета е старата столарија со нови ПВЦ термопан прозорци, како и поставен ламинат и е адаптирана училница за реализација на наставата по физичко и здравствено образование. Поставен е ламинат во училниците по техничко образование која е во склоп на спортската сала на училиштето во с.Блатец. Набавена е ИТ опрема за потребите на училиштето: 1 ЛЦД проектор, 3 телевизори, 2 принтери (од кои еден во боја), 1 смарт табла, 1 монитор за компјутер и 1 звучник со 2 микрофони. Поставен е 1 видео надзор во ПУ Липец и 1 видео надзор на приземје во централното училиште во Блатец. Пренаменет е дел од училишната кујна за реализација на училишни приредби и изработен подиум за приредби, заменети се дотраените противпожарни апарати со нови, опремени се вработените со хтз опрема за работа, набавени се мантили за сите вработени во училиштето и нови обувки за техничкиот персонал,

збогатен е фондот лектирни изданија во училишната библиотеката согласно новите програми, набавени се водомери за промена на постоечките во централното училиште и во ученичкиот дом, реконструирани се внатрешните постоечки степеници во училиштето во Блатец со епоксиден материјал и на еден спрат е променета дотраената дрвена столарија со ПВЦ и термопан стакло. Во спортската сала која е во склоп на централното училиште се извршени поправки на електричната исталација и променети се дотраените столчиња со нови, а набавени се и материјали за поправка на парниот котел во спортската сала и поправена е пумпата за парно (наменета е за резервна).Во ПУ Липец е направен потпорниот ѕид на улицата над училишниот двор со средства од Општина Виница, набавена и поставена е надворешна чешма во ПУ Лаки, направена е шахта за водомерот во ПУ Липец, а набавени се и лимови за заштита на водомерите од временски услови во централното училиште во Блатец и во ПУ Лаки. Променета е дотраената дрвена столарија на еден кат во централното училиште со ПВЦ столарија, заменети се обичните светилки со лед неонки на приземјето од централното училиште и во ПУ Липец. Изработена е биста со ликот на Кочо Рацин. Исто така пренаменет е простор за сензорна соба која дополнително треба да се опреми и др.

Силни страни:

- Постои добра комуникација помеѓу директорот, вработените и стручните соработници;
- Во креирањето на Годишната програма за работа на училиштето и Развојната програма на училиштето вклучени се наставниот и стручниот кадар, директорот, Училишниот Одбор, учениците и Советот на родителите;
- Раководниот орган поттикнува тимска работа, поддржува вклучувања и учествува во проекти;
- Одговорните лица редовно дискутираат за информациите поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства;
- Финансиското работење во училиштето се спроведува во согласност со Законските норми;
- Комисиите за јавни набавки се формираат според Законските норми;
- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет;
- Буџетот се користи наменски во функција на подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето.

Слаби страни:

- Спортската сала не е затоплена;
- Училиштето недоволно се вклучува во проекти кои би обезбедиле материјална и финансиска помош на училиштето;
- Неопременета сензорна соба ;
- Дотраена кровна конструкција на училишната зграда во с.Блатец

Приоритети:

- **Подобрување на училишната инфраструктура - промена на кровна конструкција;**
- **Вклучување во проекти кои ќе придонесат за финансиска поддршка на училиштето;**
- **Опремување на сензорна соба.**

Предлог – мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:

- Обуки на наставниците за прилагодување на наставни содржини за потребите на учениците со потешкотии во учењето;
- Поголема индивидуализирана поддршка на учениците со потешкотии во учењето;
- Реализирање на соработка од надворешни стручни лица за обучување на наставниот кадар и стручната служба за работа со надарените и талентирани ученици (Обуки на наставниците за работа со надарени и талентирани ученици);
- Користење на скалите за проценка на надарени /талентирани ученици во училиштето;
- Обука на родители за позитивно родителство –унапредување на вештините на родителот за подобра соработка и мотивација на детето;
- Организирање на работилници за Кодекс на однесување во училиште со ученици, родители и наставници;
- Воспоставување на поголема соработка со локалните медиуми;
- Реализација на проектот за промена на кровната конструкција во централното училиште во с.Блатец;
- Обезбедување на финансиски средства и опремување на сензорна соба во училиштето.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Весна Тодорова
Татјана Анакиева
Сузана Анакиевска
Михаела Воинова
Наташа Анакиева Димитрова